„Проектот е финансиран
од Европската Унија“

Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. за потребите од спроведувањето на проектот: *„Транспарентно делување за отчетно однесување“* финансиски поддржан од Европската Унија, со договор бр. 11-182/1-2020 од 26.05.2020 година, објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

За ангажирање на еден (1) експерт за поддршка при изработка на Комуникациска стратегија

1. Општи информации за Проектот

Проектот: „Транспарентно делување за отчетно однесување“ го спроведува Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. од Прилеп, во рамки на програмата „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓански организации“ ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија (ЦНВОС). Проектот се спроведува во периодот од 01.06.2020 до 30.11.2020 година. Општа цел на проектот е зајакнување на организациските капацитети за отчетно и транспарентно работење. Резултатите кои се очекува да се постигнат со проектот се: зајакнати организациски капацитети за јасна и отворена комуникација со засегнатите страни и подобрени организациски практики за транспарентно известување за постигнувањата и резултатите.

2. Опис на активноста предмет на овој повик

Ангажманот предмет на овој повик е потребен заради спроведување на Активноста 1.2. од Проектот насловена како *Интерна обука за креирање на Комуникациска стратегија* која треба да се спроведе во текот на вториот/третиот месец од спроведувањето на проектот (јули/август) кога е предвидено да се спроведе интерна еднодневна обука за креирање на Комуникациска стратегија, за што експертот претходно треба да подготви методологија. За време на интерната обука потребно е да се дадат основите за изработка на комуникациска стратегија на здружението, која подоцна во завршна верзија треба да ја подготви експертот.

3. Цели, работни задачи и производ од ангажманот

Експертот за Комуникациска стратегија ќе треба да ги спроведе следниве работни задачи:

- подготовка на методологија за интерна обука за креирање на Комуникациска стратегија
- реализација на еднодневна обука
- подготовка на финална верзија од комуникациската стратегија и
- достава на извештај (time sheets) за реализираните активности.

4. Профил и потребни квалификации

- Најмалку 3 години работно искуство во областа на новинарство или истражувачка работа
- Соодветно работно искуство во креирање на Комуникациска стратегија и спроведување обуки во оваа област
- Искуство во прибирање и анализа на податоци
- Развиени аналитички вештини

5. Потребни документи за аплицирање:

- CV (кратка биографија) со релевантно искуство
- понуда (во скенирана верзија со потпис од лицето кое ја доставува) која ќе вклучува цена на чинење за:
    - подготовка на методологија за интерна обука за креирање на Комуникациска стратегија
    - реализација на еднодневна обука
    - подготовка на финална верзија од комуникациската стратегија и
    - достава на извештај (time sheets) за реализираните активности.

Ве замолуваме, целосната документација да ја доставите на е-маил: stanicapet@gmail.com, најдоцна до 10.07.2020 година, до 12 часот, со назнака: експерт за Комуникациска стратегија.